Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 301/3
08.06. 2023 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната втора вонредна седница на Советот на Општина Градско на ден 30.05.2023 година, со почеток во 20.00 часот во салата на Општина Градско на следиот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Итно постапување поради целосната хаварија на системот за наводнување во село Трстеник.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

Мирјана Ѓорѓиева- втората вонредна седница ја свикувам по иницијатива на советникот Боне Спасовски, односно по барање на 1/3 од членовите на Советот, со единствена точка на дневен ред во врска со настанатата целосна хаварија на системот за наводнување во село Трстеник.

Боне Спасовски- направената штета е огромна. Станува збор за 4-5000 хектари обработлива земјоделска површина која ќе остане без вода за наводнување. Денеска разговарав со преставник од министерството, бил на лице место, работата е навистина сериозна и доколку не се санира ќе има долготрајни последици. Вода може да дојде само до Сирково со пумпи. Биле и професори на лице место, да се санира штетата и вода да дојде за 60 дена но тоа ќе биде многу касно. Најмногу ќе настрадаат дрвјата, лозјето не толку. Ние како советници не можиме ништо да направиме, но може да доставиме ургенција до АД Водостопанство Скопје и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Јованче Стојанов- цела ли цевка е отворена.

Боне Спасовски- 400м, цевката има гаранција 30 години а ставена е 1968 година.

Киро Нацков- причината за направената штета е застареноста на цевките или човечки фактор.

Боне Спасовски- само застареноста на линијата, од кога ги уништија Водните заедници нема никаква одговорност.

Киро Нацков- искрено немам никакви информации во врска со настанатата ситуација, се слушам со градоначалникот на Росоман, ги кажа истите информации што ги кажа и Боне. Луѓето постојано ми се јавуваат и реагираат што е и нормално, но ние не можиме ништо да направиме. Да ги известиме граѓаните за одржаниот состанок и да доставиме барање до надлежните институции.

Мирјана Ѓорѓиева- со тоа и правно е поддржано.

Јованче Стојанов- се знае ли колку би коштало за да се санира направената штета.

Боне Спасовски- има некои информации за 2 милиони евра.

Јованче Стојанов- нели може со пумпи од Црна Река.

Боне Спасовски- не може.

Тоше Петревски- многу фамилии се во прашање, има фамилии што егзистираат само од земјоделие.

Даниел Мирчов- што може ние да направиме.

Слободан Бошков- ние како советници треба да реагираме до институциите.

Боне Спасовски- никоја од понудените фирми како ИГМ, Макстил, Факом не дава гаранција дека за кратко време може да го санираат проблемот.

Даниел Мирчов- за тие пари никој нема да се нафати.

ЗАКЛУЧОК: Советниците едногласно одлучија да се донесе Одлука за итно постапување поради целосната хаварија на системот на наводнување во село Трстеник и истата со барање да се достави до АД Водостопанство Скопје и до Министерството на земјоделство шумарство и водостопанство.

Откако беше завршена расправата, претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори втората вонредна седница во 21:00 часот.

Записник водел:

Мери Седмакова-Димовска

Република Северна Македонија
Општина Градско
Градско

Претседател
на Совет на Општина Градско

Мирјана Ѓорѓиева

Киро Нацков- веќе сте запознати, но сакам да Ве информирам дека чекам одговор за потпишување на договор со ЕВН за исплата на долгот на ЈКП Комуналец. Усно е разговарано неколку пати, најминимално што ќе може да се плаќа е 100.000,00 денари месечна рата и да стои општината како гарант за исплата на долгот. Ние планиравме 60.000,00 денари поради тоа што имаме и други трошоци но предлогот не ни беше прифатен. Направивме план за 6 години, со тоа што во договорот да стои дека пумпите од Комуналец да се префрлат на Клепа и веднаш да се пушти водата.

Маја Андовска- зошто не е на повеќе години, на 8 на пример.

Киро Нацоков- не сакаат. Разговарав и со адвокат штом е оптужено и извршно ништо не можиме да направиме и да тужиме ќе трае со месеци, а луѓето сакаат вода. Кажано ни е дека од 2007-2010 година не е оптужено , а од 2010 година е оптужено и извршно.

Боне Спасовски- каква е ситуацијата за плати и стаж.

Киро Нацков- тоа е посебно, вработените имаат тужено и добиено но нема од каде да наплатат. На Комуналец како службено лице се води Ѓорѓи Самандов, ќе дојде до заплена на имот но Комуналец нема имот. Се бара начин како да се наплатат тие 12.000.000,00 денари. Најлоша варијанта е да се наплати од службеното лице.

Слободан Бошков- нормално е да одговараш како правно лице.

Киро Нацков- УЈП не може да не блокира како општина.

Јованче Стојанов- да не се случи како со ЕВН.

Киро Нацков- тоа е друга ситуација.

Боне Спасовски- каде се потрошени толку пари.

Слободан Бошков- треба да се најде начин како да им се наплате на тие што досега не плаќале по било кој основ.

Маја Андовска- мој предлог е директорот со двајца советници да одиме на терен и да се разговара со луѓето.

Мирјана Ѓорѓиева- имаме право да побараме и да ни се достави листа на должници, а немаме право јавно да ги објавуваме. Има барање од патници кои се симнуваат кај старата патарина по скаличките да се намести ракофат.

Јованче Стојанов- барање од Блаже Коцев, само на нивната улица немало наместено лежечки полицаец и сега сите од таму поминувале и брзо се возело.